Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 62-та седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-998/1 од 02.03.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-998 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-998/1 од 02.03.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот), по електронски пат.

Во пријавата се изнеени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на службени лица во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, заради остварување корист за друг, кои не презеле должни службени дејствија за расчистување околности под кои на ден /// година, настанал инцидент во ///, за време на полагање возачки испит – градска, за управување со моторно возило од /// категорија. Пријавата е надополнета по електронски пат на 14.06.2021 година и на 26.07.2021 година, а на 29.06.2021 година и со препорачана поштенска пратка RB208555205MK. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата, доставени се докази.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК побара дополнителни податоци, информации и документација од подносителот, од означените лица во пријавата и од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Истите доследно постапија по барањата на ДКСК и доставија се' што беше побарано од нивна страна.

ДКСК откако оцени дека располага со доволно докази за овој конкретен случај, пристапи кон утврдување на состојбите, па по оцена на секој одделен доказ, како и на сите докази во целина и со извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметот, произлезе основано сомнение за сторени повеќе кривични дела од страна на повеќе лица. Од таа причина ДКСК на 51-та седница одржана на 31.08.2021 година усвои иницијатива на утврдување одговорност на повеќе лица во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, како и иницијатива за поведување постапка заради кривично гонење на истите лица во Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје.

Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, постапувајќи по иницијативата за утврдување одговорност, извести дека изнесените наводите се во целост не основани, за што до ДКСК достави документација.

Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, извести дека по повод поднесената иницијатива заради кривично гонење, издадена е наредба за преземање предистражни дејствија, по однос на изнесените наводи.

Согласно горе наведеното ДКСК ги исцрпи сите свои законски надлежности за постапување по овој конкретен случај и оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување заради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.